

Кирил Ќамилов (22. II 1899 – 9. IX 1976) е универзитетски професор, филозоф, фолклорист, револуционер. Бил учесник во шпанската граѓанска војна (1937–1938), а потоа и во НОБ во Македонија . По Втората светска војна бил доцент на Филозофскиот факултет (1947–1953) по Историја на педагогијата и научен соработник во Институтот за фолклор во Скопје до пензионирањето во 1968 година. Тој е автор на голем број стручно-научни трудови.

Кирил Панов Ќамилов е роден на 22 февруари 1899 година во Велес. Студирал во Прага од 1920 до 1924 година каде завршил студии по педагогија. Специјализирал и докторирал во Франција (Нанси, Париз) под менторство на познатиот Проф. М.П.Фоконе (M.P.Fauconnet) од Универзитетот „Сорбона”. Во 1936 година го објавил својот докторски труд на тема „Прилог кон проучувањето на едукацијата на деца-методи и современи теории”, со што се стекнал со звањето доктор по педагошки науки. Истовремено се занимавал со педагошка и професорска дејност во Париз и Нанси при институтот Анри Поанкаре (Henry Poincaret).

Во Шпанија дошол од Белгија во јануари 1937 година. Бил во баталјонот „Георги Димитров“ и баталјонот „Дуран“. Бил офицер за врски и имал чин капетан. По победата на франковистите принуден бил да емигрира со републикански пасош (под име Juan Lopez Garcia). Прво се вратил во Франција во 1938 година, а кон крајот на 1939 година се вратил во Југославија. По враќањето бил интерниран во Винковци од каде илегално се префрлил во Македонија.

За време на Втората светска војна учествувал во НОВ од 1944 година, во бригадата „Гоце Делчев“. По ослободувањето делувал како делегат и активист во Националниот

комитет на македонската емиграција во Софија. Подоцна со декрет на Министерството за Просвета бил упатен во Скопје каде 1947 година бил еден од основачите на Филозофскиот факултет и Катедрата по педагогија. Бил доцент на Филозофскиот факултет (1947–1953) по Историја на педагогијата Подоцна бил научен соработник во Институтот за фолклор во Скопје и негов директор од 1964 до 1966 година. На институтот работел се до неговото пензионирање во 1968 година.

Во меѓувреме, под обвинение дека се определил за Сталин, од октомври 1952 до декември 1954 година, Кирил Ќамилов бил затворен на Голи Оток.

Кирил Ќамилов интензивно се занимавал со истражувачка дејност. Меѓудругото истражувал во Архивот на Македонија, Институтот за национална историја и Институтот за фолклор. Дошол до значајни изворни материјали за македонските преродбеници кои ги обработил. и објавил во стручната литература. Тој е автор на голем број стручно-научни трудови, со посебен интерес за делото на Григор Прличев и народното творештво.

Кирил Ќамилов починал на 9 октомври 1976 година во Скопје.

Извор: М.Е. Скопје 2009; http://fzf.ukim.edu.mk/profesori-2-2-2-3-2-2/



Подготвил: Т.К.